ОРЦЕ НИКОЛОВ
Ј.У.О. ДЕТСКА ГРАДИНКА

# Ви посакуваме Среќен почеток Првачиња!



# ПРВАЧЕ

„Прваче сум мало
почна школскиот час,
прв ден на училиште
денес почнав јас.

Многу јас ќе учам
драги мама, тато
ветувам пред сите,
јас сум ваше злато.

Звони и ѕвончето
нов ден утре иде
највесел и најубав
на училиште да биде!“



ОРЦЕ НИКОЛОВ
Ј.У.О. ДЕТСКА ГРАДИНКА

# Нашите чекори кон училиште

Подготвеноста на децата за училиште се однесува на неколку аспекти од развојот на децата, физичка, социо-емоционална и когнитивна подготвеност. Овие аспекти се развиваат во рамките на семејството, средината и предучилишната установа

-Физичката подготвеност вклучува развиена фина и груба моторика, координација на телото и одржување на рамнотежа, стекнати културно-хигеснски навики, стекнати способности за користење на сетилата и моторните вештини во интеракција со околината.

-Социо-емоционалниот развој е процес во кој преку интеракција со социјалнта средина детето усвојува знаења , вештини , навики, ставови, вредности како и препознавање на чувствата, позитивен однос кон себе, начини на изразување на чувствата и негување на позитивни емоции кои се потребни за успешно функционирање во средината.

-Развојот на интелектуалните и менталните способности кај децата вклучува развивање на способности за размислување, помнење, работни навики, логичко размислување, активно решавање на проблеми, развивање на самостојност , внимание и истрајност.



ОРЦЕ НИКОЛОВ
Ј.У.О. ДЕТСКА ГРАДИНКА

# Препораки за подготовка за во училиште

-разговарајте со детето за училиштето и поттикнувјте позитивен став кон другарчињата, учителката и училишните активности;

-читајте заедно со детето интересни книги за првите почетоци на училиште;

-практикувајте активности со кои се зголемува сигурноста самостојноста и самодовербата кај детето;

-поттикнете ја мотивацијата за училиште со пофалба и позитивен однос;

-обидете се да „чекорите во чевлите" на вашите првачиња, за да ги разберете;

-активно слушајте ги се што имаат да ви кажат,потребно им е внимание;

-бидете трпеливи и поддржете го повторувањето, вежбањето и правење грешки;



ОРЦЕ НИКОЛОВ
Ј.У.О. ДЕТСКА ГРАДИНКА



-охрабрувајте го детето да поставува прашања за училиштето;

-практикувајте активности со цел развивање на вештините за слушање и одговарање;

-направете обиколка на училиштето и училишниот двор пред почетокот на учебната година;

-објаснете му накратко на детето за посетата кај психологот, со цел да не се доживее тестирањето стресно;

-бидете во контакт со другарчињата за кои знаете дека ќе бидат во истото училиште-одделение;

-воспоставете ги и одржувајте ги дневните рутини

-планирајте ја заедно подготовката на училишниот прибор;





# Мојот прв училишен ден





## Моето име

______________________________________

## Како се чувствувам (нацртај)